**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ДВАЕСЕТ И ПРВАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.01.2023 година**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2023 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и првата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 30.01.2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

**Сашо Начовски** (ВМРО - НП дел од коалиција предводена од СДСМ):

Побара аудио запис од Дваесеттата седница на советот како составен дел на записникот.

Советот го усвои Записникот од **Дваесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Бобан Стефковски**:

Поради некомплетност на материјалот доставен до советот, ја повлече точка:

**7.** Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на Советот констатираше дека точката 7 е повлечена од предложенот дневен ред а точките редоследно од 8 - 22 ќе се разгледуваат како точки редоследно од 7-21.

**Александар Саша Димитријевиќ** (коалиција предводена од СДСМ):

Предложи точката "21" - Предлог - Одлука за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници, да се симне од предложениот дневен ред и предлогот го образложи.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред со предлогот **точка 21** да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање. Советот **не го усвои** предлогот со **8 гласа "ЗА" и 16 гласа "ПРОТИВ"**.

**м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Предложи точката "21" - Предлог - Одлука за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници, да се разгледува како точка **"3"**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред со предлогот **точка "21"** да се разгледува како точка **"3"** од предложениот дневен ред беше ставен на гласање. Советот **не го усвои** предлогот со **6 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ"**.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија;
2. Предлог - Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година;
6. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2023 година;
7. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2023 година;
8. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;
9. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година;
10. Предлог - Одлука за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година;
11. Предлог - Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза;
12. Предлог - Правилник за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба;

13. Предлог - Правилник за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и давање на користење на ствари во општинска сопственост;
14. Предлог - Правилник за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес;
15. Предлог - Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;
16. Предлог - Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата;
17. Предлог - Правилник за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци;
18. Предлог - Одлука со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.4083 за КП 2059/2 КО Маџари;
19. Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
20. Предлог - Одлука за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници; и
21. Предлог - Одлука за примање на донација од "Макстил" АД Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на Верификационата комисија.**

Претседателот на Верификационата комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Орде Маневски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на Верификационата комисија, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот на членот на Советот - **Марија Ѓошевска** и ја честиташе верификацијата на мандатот и ја покани да даде свечена изјава. Членот на Советот даде свечена изјава, истата ја потпиша и предаде на стручната служба.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година, со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2023 година, со **19 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог -Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и давање на користење на ствари во општинска сопственост.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и давање на користење на ствари во општинска сопственост, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (**со измените во текстот**) ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци, со **26 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.4083 за КП 2059/2 КО Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.4083 за КП 2059/2 КО Маџари, со **16 гласа "ЗА" и 10 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2023 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **19 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Орде Маневски (Левица), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сашо Начовски (ВМРО-НП дел од коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и Гордана Јовиќ - Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и на барање на членот на советот - м-р Александар Каровски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата ја стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 2. | м-р АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ | √ | | |
| 3. | м-р САШО КУКЕСКИ | √ | | |
| 4. | ТОНИ СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 5. | ФИЛИП АНАСТАСОВ | √ | | |
| 6. | СИБЕЛА МАРКОВА | √ | | |
| 7. | ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА | √ | | |
| 8. | МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ | √ | | |
| 9 | АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА | √ | | |
| 10. | м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ | √ | | |
| 11. | ДАЈАНА РИСТОВСКА | √ | | |
| 12. | м-р ИВАН СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | НИКОЛА ТУТЕВСКИ | √ | | |
| 15. | м-р СОЊА ЗАШОВСКА | √ | | |
| 16. | ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА | √ | | |
| 17. | *ДАРКО СТОЈАНОВСКИ | | | |
| 18. | ОРДЕ МАНЕВСКИ | | √ | |
| 19. | МАРИЈАЃОШЕВСКА | | √ | |
| 20. | *САФЕТ АДЕМИ | | | |
| 21. | АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ | | √ | |
| 22. | СУЗАНА ТРПКОВСКА | | √ | |
| 23. | ПЕНКА ЧУДО | √ | | |
| 24. | САШО НАЧОВСКИ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ | | √ | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | √ | |
| 27. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | √ | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од "Макстил" АД Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од "Макстил" АД Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дваесет и првата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:50** часот.

**Број 09-1233/2**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот